Gebrüder Weiss

# Кодекс на однесување

www.gw-world.com

Верзија 3.0. / 1.1.2022

# Предговор

***Семејната компанија Gebrüder Weiss (GW) веќе со генерации е свесна за својата одговорност да ги олицетвори, пренесе и да бара почитување на етичките вредности од своите вработени и деловни партнери. Овие вредности се пропишани како обврзувачки во овој Кодекс на однесување. Сите управители, раководни лица и вработени во Gebrüder Weiss GmbH и фирмите-ќерки во светот кои се под нивно директно влијание се обврзуваат за почитување на овој Кодекс. Раководството се обврзува да биде пример и вредностите подлабоко да ги вгради во организацијата.***



# 1.

## Систем на вредности

GW ги придвижува не само стоките и податоците, туку и луѓето кои доаѓаат во контакт со нас преку интерна или екстерна мрежа. Се придвижуваме со нашите клиенти кон иднината, со напреден пристап и иновативни идеи. Притоа сакаме да воодушевиме со нашите услуги и производи, при што свесно применуваме решенија кои се ефикасни при користењето на ресурсите. Нашата стратегија се заснова на главните вредности кои го потврдуваат нашето секојдневно дејствување и затоа претставуваат централни елементи во нашиот Кодекс на однесување.

***Независност***

***Одржливост***

***Посветеност***

***Извонреден сервис***

GW во рамките на својата претприемничка активност се посветува кон почитувањето на сите законски прописи и правилата кои се пропишани во овој Кодекс на однесување. Од нашите деловни партнери исто така очекуваме да се посветат кон меѓународно прифатените етички вредности и очекуваме од нив да се придржуваат до важечките закони и прописи.

# 2. Социјална одговорност

Одржливоста кај GW претставува главна корпоративна вредност. Цениме дека нашиот ангажман во оваа област е постојано мерлив и транспарентен. Од 2009 година објавуваме и Извештај за одржливост според стандардите на Глобалната иницијатива за известување (Global Reporting Initiative - GRI). Од економски и еколошки аспект претендираме разумно да делуваме и активно да ја практикуваме нашата социјална одговорност.

### Дискриминација

GW го признава и промовира еднаквиот третман на индивидуите независно од полот, религијата, сексуалната ориентација, етничкото потекло, националноста, возраста, политичкото мислење, синдикалното дејствување или инвалидноста. Културната разновидност во концернот се смета за придобивка, а дискриминацијата на одделни лица или групи на лица нема да се толерира.

### Доживотно учење

GW ги разбира стручното образование и доквалификацијата како стратешки фактор за успех. Неопходно е да се подготват вработените за актуелните и идните барања во компанијата. Во GW се придава голема важност на понудата за усовршување и поради тоа уште во 1988 година се основа фонд за финансирање на мерките за образование.

### Безбедност при работа и на работната средина, заштита на здравје и животната средина

Секој вработен е одговорен за заштита на луѓето и животната средина во неговата работна околина. Сите применливи закони и прописи за заштита на животната средина или за безбедност при работа и на работната средина мора строго да се почитуваат. Истото важи и во однос на интерните правилници и прописи. Секој претпоставен е обврзан да ги насочи, надгледува и поддржува своите вработени во однос на исполнувањето на оваа обврска. Во оние области каде што нема прописи за безбедност, здравје или животна средина, ниту пак интерни компаниски правилници и барања, треба да се донесе самостојна одлука во консултација со претпоставените. Основниот принцип на нашата компанија е почитувањето на сите закони за заштита на луѓето и животната средина, што подеднакво произлегува од правните и етички принципи. Нашата компанија постојано работи - дополнително на предвидените барања на постојните закони - кон подобрување на процесите и постапки со цел да се намали загадувањето на животната средина и ризиците по здравјето. Доколку сепак дојде до незгоди или прекини во работата, нашата цел е колку што е можно побрзо да се преземат мерки за избегнување на опасноста и отстранување на штетите. Затоа треба веднаш и сеопфатно да се известат одговорните оддели во компанијата. Овие оддели треба да веднаш да поднесат сеопфатни законски предвидени известувања до државните органи.

# Работни услови и човекови права

***Детски труд и млади работници:***
Детскиот труд нема да се толерира и возраста за вработување треба да соодветствува на законодавството на секоја соодветна земја.

***Плати и социјални придонеси:***
Надоместоците и социјалните придонеси ќе бидат конкурентни и во согласност со важечките закони на земјата, особено со оние кои се однесуваат на минимална плата, надомест за прекувремена работа и законски пропишани придонеси.

***Работно време:***
Работното време вклучително и прекувремените работни часови се во согласност со локалните законски прописи кои се однесуваат на работното време.

***Присилна работа (модерно ропство и трговија со луѓе):***
Било каква форма на присилна или задолжителна работа, вклучително и трговија со луѓе, нема да се толерира. Како последица на техничките и професионални определби на нашата деловна дејност, ризикот Gebrüder Weiss да биде инволвиран во модерно ропство и трговија со луѓе нема да биде толериран. Свесни сме дека препознавањето на модерни форми на ропство се комплексно прашање и ќе преземеме дополнителни напори за да се осигуриме дека сите законски услови се исполнети.

Не само внатре во компанијата, туку и договорните партнери, добавувачи, доставувачи и други партнери со коишто Gebrüder Weiss соработува, не смеат да се впуштаат во деловни практики кои ќе претставуваат трговија со луѓе и ропство.

***Слобода на здружување:***
Вработените можат да разговараат со раководството за работните активности без страв од реперкусии, заплашувања или шиканирање. Согласно на важечките законски прописи во земјата, вработените имаат право на здружување, да пристапат во или да побараат застапување од синдикат или да пристапат во работнички совети.

***Малтретирање и дискриминација:***
Забранета е секаква форма на малтретирање или дискриминација на вработените.

# 3. Деловни партнери

Нашата цел е да ги воодушевиме клиентите, поради што одличниот квалитет на услуги претставува основа на нашата секојдневна работа. Со беспрекорната организација надвор од националните граници ги создадовме предусловите за таа намена. Нашите вработени се одликуваат со компетентност и пристап ориентиран кон решенија. Постојано се стремиме кон подобрување за кое проактивно се грижиме.

### Закон за конкуренција и картели

GW се залага за фер конкуренција и се придржува кон прописите за картели. Нема да се толерираат спогодби за ограничување на конкуренцијата, какви што се договорите за цените. GW исто така го очекува овој став од своите деловни партнери. Што се однесува до GW, квалитетот на услугата треба да биде одлучувачки критериум за клиентите.

### Корупција

Како член на Транспаренси интернешнал за GW важат принципите на транспарентност, одговорност, интегритет, солидарност, граѓанска храброст, рамноправност, демократија и владеење на правото. GW изречно се спротивставува на сите видови корупција, вклучувајќи ги уцената и поткупот. Нашите вработени и трети лица ангажирани од страна на GW не смеат ниту да нудат ниту да прифаќаат какви било бенефиции кои имаат влијание врз носењето деловни одлуки.

### Даватели на услуги

Надоместокот кој им се плаќа на советниците, агентите или посредувачите мора да биде во пропорционален сооднос со дадената услуга. Ангажирањето трети лица не смее да служи за обезбедување недозволени бенефиции за деловните партнери.

### Носители на јавни функции/политички партии

Не се дозволува доделување тајни бенефиции од кој било вид на вработени или на претставници на институциите или на државните претпријатија. Ова исто така вклучува и парични надоместоци или донации за политички партии или за здруженија односно за носители на мандати или за кандидати за политички функции.

### Донации

Дозволени се донации за организации од областа на образованието и науката како дополнување на нашата посветеност на социјални проекти, сè додека тие се доброволни и не се очекува противуслуга.

### Спонзорство

Спонзорирањето спортски клубови и уметнички и културни здруженија е дозволено, сè додека тоа е доброволно и сите очекувани противуслуги се договорно уредени.

### Перење пари/тероризам

За GW е разбирливо превентивно да дејствува во меѓународната борба против перењето пари и тероризмот и да презема мерки во својата област на влијание со цел да ги спречи таквите дејствија.

### Антитерористички и листи на санкции

Сите деловни односи на GW постојано се проверуваат во однос на потенцијални терористички активности и листите на санкции.

# Одговорност и обврзаност на нашите вработени

4.

GW ги смета своите вработени за најголем корпоративен капитал и поради тоа нивната безбедност и задоволство е на прво место во компанијата. Како семејна компанија GW традиционално се смета дека е одговорна за дефинирање на вредности како основа за делувањето со интерните и екстерните лица на организацијата. Вработените се обврзани да ги почитуваат овие прописи.

### Јавен имиџ

Јавната перцепција за GW е под влијание и од имиџот на нашите вработени, вклучувајќи ја и дигиталната јавност. На нашите клиенти и деловни партнери секогаш пријателски им пристапуваме, ориентирани сме кон услугата и им ја оддаваме соодветната почит.

### Конфликт на интереси

Од нашите вработени очекуваме апсолутна лојалност спрема нашата компанија. Неопходно е да се избегнат конфликти на интереси, а при претпоставката дека постои такво нешто да се информира претпоставениот или Одделот за контрола. Се појавува конфликт на интереси кога приватните или сопствените финансиски интереси на вработените се во конфликт со корпоративната политика на GW односно со врската кон деловните партнери. Особено треба да се внимава во случај на извршување секундарна работа и при учеството на деловните партнери или конкуренти, истите да не претставуваат конфликт на интереси.
Извршувањето на функција во работнички совет или во синдикат не се смета за конфликт на интереси.

### Доделување и прифаќање на покани и подароци

Како дополнување на законските прописи, прифаќањето или доделувањето покани и подароци е дозволено само доколку истите не оставаат впечаток дека се работи за обид за недозволено влијание. Предусловот за тоа е поканите и подароците да се доброволни и да не се прифаќаат или доделуваат во очекување на противуслуга.

### Доверливост

Информациите за клиентите, партнерите, подизведувачите, вработените и конкурентите кои не се јавно познати ќе се третираат доверливо и нема да се пренесуваат на неовластени трети лица односно нема да се користат за приватни цели.

### Почитување на антикорупциската политиката

Сите вработени во GW се обврзани да ги почитуваат антикорупциските политики поврзани со Кодексот на однесување.

# 5. Доверба

Благодарение на солидната база GW е независна компанија и стратешки е насочена кон одржлив успех. Притоа е јасно дека постигнувањето на долгорочните цели има предност во однос на максимизирањето на краткорочната добивка. GW е обврзан кон своите сопственици и вработени чиј придонес и доверба се неопходни за постигнувањето на целите.

### Сопственост на компанијата и плагијати

Сите вработени се обврзани одговорно да ракуваат со имотот на компанијата. Без експлицитно одобрение од задолжениот оддел, просториите и објектите не компанијата не смеат да се користат за приватни цели или пак да се отстрануваат од просториите на компанијата. Во имотот на нашето претпријатие спаѓаат не само материјалните ствари/имот, туку и нематеријалните добра (интелектуална сопственост вклучително и софтвер производи), информациите како и идеите и знаењето на нашите вработени. Секој вработен е одговорен за штитење на овие вредности на компанијата. Имотот на компанијата смее да се користи само за дозволени деловни активности, а во никој случај за противзаконски цели. Законските и интерни одредби за безбедност (меѓу другото за безбедност при работа, правила за информатичка безбедност и заштита на податоци), а кои треба да се почитувани од секој вработен, придонесуваат кон заштитата на вредностите на компанијата и избегнувањето на барање за одговорност. Употребата на плагијат не е дозволена во никој случај и форма.

### Подготвување извештаи

Сите извештаи мора да се во согласност со законските барања како и со интерните директиви и да дадат јасна слика за ситуацијата во компанијата.

### Заштита на податоци

Забранета е неовластена обработка, објавување, ставање на располагање или било какво користење на лични податоци. Вработените се обврзани да ги почитуваат одредбите за лични податоци и активно да придонесат кон спречување на неовластен пристап до лични податоци. Собирањето, обработката и користењето на личните податоци е дозволено само под строго почитување на важечките одредби, доколку истото е потребно заради точно дефинирана цел за законско исполнување на задачите. Во случај на сомнеж, треба да се консултира лицето одговорно за заштита на податоци.

# Правила на однесување

6.

## Однесување во компанијата

Сите вработени во компанијата допринесуваат кон културата на компанијата која се заснова на фер и кооперативна соработка. Толеранцијата и доверливоста во секојдневните интеракции се меѓу основните уверувања на раководството на компанијата и на вработените. Покрај тоа, секој вработен се обврзува на одговорно однесување со интегритет. Мора да се почитуваат личноста и достоинството на секој поединец. Взаемното почитување се заснова на внатрешно убедување и подготвеност за дејствување. Тоа значи дека проблемите на работното место се адресираат и заеднички се бараат решенија на проблемите. Ова е единствениот начин да се развие средина која се карактеризира со отвореност, толеранција и правичност.

## Личните права на поединецот

Од сите вработени се очекува да го почитуваат личното достоинство, приватноста и личните права на секој поединец. Не се толерира дискриминација (врз основа на возраст, попреченост, пол, потекло, националност, политички став, раса, религија итн.), сексуално или друго лично вознемирување или навреди. Не се толерираат принуда или насилство или закана. Компанијата се обврзува да обезбеди еднакви шанси на сите вработени.

## Однесување при комуникација со клиенти, конкуренција и деловни партнери

Репутацијата на компанијата се заснова на однесувањето на секој поединец со клиентите, конкурентите и деловните партнери. Компанијата очекува фер, соодветно и професионално однесување кон клиентите, конкурентните и деловните партнери, без давање на предност и запоставување од лични причини. Компанијата се придружува без отстапки кон законите за картели и прописите за конкурентност. Строго е забрането договарање на цени или други договори со конкурентите. При комуникација со конкурентите, вработените не смеат да разговараат за интерни работи на компанијата, за цени, трошоци, организација и процеси или други доверливи информации. Компанијата е посветена на принципот на остварување на деловните цели исклучиво со законски и етички неприкосновени средства. На натпревари учествуваме со законски и фер средства. Обврската за почитување на правото на конкурентност важи за секој вработен. Однесувањата кое претставуваат прекршување на монополите се, меѓу другото, договори со конкурентите за цените и условите. Исто така, не е дозволено да се поднесуваат лажни понуди кои би можеле да влијаат на цените на производите или услугите. Добавувачите и деловните партнери треба да се избираат исклучиво врз основа на објективни критериуми.

Gebrüder Weiss

# 7.

## Почитување на Кодексот на однесување

Кодексот на однесување на GW се применува на сите локации на компанијата во светот и сите вработени мора да го почитуваат. Важноста се однесува на Gebrüder Weiss GmbH и нејзините фирми-ќерки доколку тие се во најмалку 50% сопственост на концернот и раководството е одговорно пред Gebrüder Weiss GmbH или на поставените лица или тела од негова страна.

### Обврска за почитување на Кодексот за однесување

Сите членови на менаџментот, раководните лица и вработени во концернот GW се обврзани да го почитуваат Кодексот на однесување. Одговорноста за спроведување на овој Кодекс е од горе надолу.

### Пријавување прекршоци

Вработените во концернот GW се обврзани да пријавуваат прекршоци на законите или интерните регулативи на директните претпоставени лица, други менаџери, работничкиот совет или во Одделот за контрола. Дополнително, постои можност, и внатрешно и надворешно, да се пријават прекршоци преку специјално поставено решение за свиркачи. Сите пренесени информации доверливо ќе се третираат.

### Заштита на информаторите

GW не толерира дејствија против лицата кои пријавиле фактички или претпоставени прекршоци спротивно на Кодексот на однесување. GW исто така го задржува правото да поведе дисциплински мерки против лицата кои свесно даваат лажни обвинувања.

### Последици

При прекршување на законите или интерните регулативи ќе се преземат мерки во рамки на Законот за вработување и дисциплински мерки во интерес на компанијата, на вработените и деловните партнери. Покрај тоа регистрираните прекршоци на важечките закони можат да предизвикаат граѓанско-правни или кривично-правни последици.

### Дополнителни информации

Доколку имате прашања или Ви се потребни дополнителни информации, директно обратете се во Одделот за контрола.